

Коцијанчич: Решението на кризите во Македонија и во Албанија е резултат на силна работа


И покрај ладното време лицата со посебни потреби не се откажаа од кампување


Иванов: Со Јордан постигнавме напредок во сферата на разузнавање и размена на информации

АРХИВА | КОНТАКТ | РЕДАКЦИЈА | МАРКЕТИНГ | ПРЕТПЛАТА

период од-до 2006 - 2017

Почетна | ВЕСТИ | КУЛТУРА | СПОРТ | МАГАЗИН

ALK 5,797.53 3.51 % CEVI 850.00 0.04 % GRNT 725.47 2.43 % KMB 2,707.74

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ

Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

20.07.2011, 19:00

# БАЛКАНСКИТЕ УМЕТНИЦИ СЕ ТРЕТИРААТ ПОТРЕЗВЕНО



**Антони Мазнески потсетува дека домашните институции не ги презентираат авторите во најголемите светски музеи**

**Катерина Богоева**

Балканот во фокусот на актуелната изложба „Бендисај го или батали го“ поставена во Музејот на современа уметност во Скопје, која е составен дел од проектот „Балканска трилогија“ во избор светски познатото кураторско име Рене Блок, а под кураторство на Викторија Васева Димеска, освен што го презентира изборот на делата на познатите уметници од овој дел на Европа, меѓудругото, посочува и на прашања како денеска на тема Балкан размислуваат и македонските уметници што на изложбата и учествуваат. Ликовната уметница Жанета Вангели, која со свое дело учествува на изложбата, како и авторите Антони Мазневски, Игор Тошевски, Борјан Зафировски , Ана Стојковиќ и Оливер Мусовиќ, потенцира дека „сите теми поврзани со балканските екстраординарни геополитички реконтекстуализации од деведесеттите години на глобалната меѓународна сцена се одамна на маргините.

„Доколку се разбере зошто е тоа така, вели Вангели, може дури и да се констатира, дека е добро што е така. Неспорен е фактот дека Балканот, таа западна драматизација на една по ништо необична локација стана фокус на интерес на таканаречените релевантни култури од едноставна причина што културната политика не може да ја трансцендира геополитиката. Се случија многу интересни изложби во периодот на балканската популарност, тоа е несомнено, на кои и јас учествував, и кои де факто придонесоа за еден нов вид на комуникација помеѓу едните и другите, за една сосема нова близина, но во секој момент бев свесна зошто е тоа така. Она што уметникот може во таков контекст да стори е, пред се', да ја деконструира самата балканизација на Балканот реализирана преку инсценирани конфликти, интер – и

Електронско издание




ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ
- СДСМ И БЕСА РАЗГОВАРЛЕ ЗА ПРИНЦИПИТЕ,А НЕ ЗА ПОДЕЛБА НА РЕСОРИТЕ
- МАЛИОТ ПАВЕЛ СЕ ПРОБУДИ ОД ВЕШТАЧКАТА КОМА
- ТЕЧАТ ПРЕГОВОРИТЕ МЕЃУ БЕСА И СДСМ
- УСТАВНИОТ СУД СЕ ПРЕМИСЛИ И ЈА СИМНА ЗАБРАНАТА ЗА БАРОК НА ГТЦ И МОБ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

12° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Ведро

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 22 | 21 | 21 | 19 |

| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 22 | 24 | 26 | 25 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието

Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ

интракултурни“.

Денешниот третманот, пак, на уметниците од целиот Балкански регион од страна на меѓународните куратори, меѓународните институции, на фондациите, таа го оценува како сосема коректен и легитимен.

„Но, вели, далеку потрезвен, далеку од егзотизацијата на оваа ’посебна‘ култура, и добро е што е така, зашто соодветствува со реалните односи на моќ. Сето ова е еднозначен индикатор дека кризите на Балканот се минато, интересно, нели? Токму така, и во културната политика, моќта е таа што ги детерминира тековите на она што утре ќе се воспостави како ’Историја на уметност‘“, потенцира Вангели.

Антони Мазнески на досегашните случувања кои оставија голема трага и кај уметниците во источноевропските земји што се најдоа во фокусот на западните институции и куратори, кои организираа големи и репрезентативни изложби на ликовното творештво, гледа како на „подадена рака“, на можност за интеграција.

Како пример ги издвои двете големи и репрезентативни изложби во 2003 година, „Крв и мед“ и „Слава на Балканот“, одржани во Австрија.

„Изложбите беа еден вид одговор на аргогантната „Документа“ и покажаа дека и во источниот дел од Европа и Балканот има вредни дела, вредни автори, вредно творештво. А од зголемениот интерес за Балканот имаа најмногу полза авторите, за своја афирмација, за презентација, но и економска добит имаа и самите организатори на презентациите . Уметниците кои учествуваа на овие, за мене клучни изложби одржани на посочената тема, скоро сите, веќе имаат интернационални кариери, освен македонските уметници. Најголем дел од нив се отселија од Балканот, живеат надвор од матичните земји. Ние Македонците останавме дома. За мене од големо значење е што по изложбите, мое дело се најде во колекцијата на Музејот на современа уметност во Виена“, рече тој.

Мазнески проблемот го лоцира во недоволниот капацитет на македонските институции, во неможноста тие како што е неопходно во сегашните услови, да застанат зад домашните уметници, да го презентираат на вистинското ниво нивното творештво, во најзначајните изложбени институции, галерии, музеи во светот.

„Уметниците од Хрватска и Србија, но и од другите земји во регионот досега развија интернационални кариери. Нам сеуште ни недостига вистинско менаџирање и поддршка за презентација“, изјави Мазнески.

Тој и во оваа прилика потсети дека македонските институции во изминатите педесет години не успеале во престижните музеи и галерии во светот на самостојна изложба да презентираат ниту еден значаен домашен автор.

Искуствата од другите земји и во оваа сфера кај нас бавно се пресликуваат. Зад балканските теми се појавуваат и нови автори, но постоечките, етаблирани домашни автори остануваат сами да си отвораат патишта во светот. Тоа не е балканска, туку се повеќе, за жал, македонска приказна.

Статијата е прочитана 1576 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да“
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места

ОСТАНАТИ ВЕСТИ

Аплаузи во стартот на турнејата на Балетот во Италија
Цветанка Јованова изложува во „Галерија 8“
Повеќе дистрибутери од киносали
Одговорноста не е кај дистрибутерите, туку кај Дарко Башески